# ПРЕГЛЕД НА РАКОВОДНИОТ И ДРУГИ[illegible]СОНАЛ ВО СТУДЕНТСКИОТ ДОМ

| Ред.Бр. | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | РАБОТНО МЕСТО |
|---|---|---|
| 1 | СОЊА КАРАПЕЦ | ДИРЕКТОР |
| 2 | СНЕЖАНА ПАЖИК | Рак.на оделение за норм.правни и човечки ресурси |
| 3 | ГОРДАНА КАРОВСКА | Виш соработник за исхрана |
| 4 | ДИЈАНА БОГДАНОВСКА | Виш соработник за сместување |
| 5 | ПЕТАР ГЕОРГИЕВСКИ | Сораб.за финанс.сметководст.и материја.работење |
| 6 | МИМОЗА КУЗМАНОВСКА | Сораб.за финанс.сметководст.и материја.работење |
| 7 | АНАСТАСИЈА НЕДЕЛКОВСКА | Соработник за јавни набавки |
| 8 | ЕЛИЗАБЕТА ДИМИТРОВСКА | Магационер |
| 9 | ТАТЈАНА ГРУЈОВСКА | Садоминач |
| 10 | КИРЕ ДИМОВСКИ | Главен Готвач |
| 11 | НУРАН АЛИЛИ | Садомијач |
| 12 | ТАТЈАНА ПОПОВСКА | Садомијач |
| 13 | СВЕТЛАНА НЕДЕЛКОВСКА | Садомијач |
| 14 | НИКОЛЧЕ ПЕТКОВСКИ | Хаусмајстор |
| 15 | НАЌИ ПАВЛОВСКИ | Ложач на парни котли |
| 16 | ИЛИНКА ПЕТКОВСКА | Хигиеничар |
| 17 | НОВО ВРАБОТУВАЊЕ по основ на пензија | Хигиеничар |
| 18 | ДРАГИЦА МАРЧЕВСКА | Хигиеничар |
| 19 | ДАНЧО ГОРГИЕВСКИ | Главен готвач |
| 20 | МЕНДЕ СТОЈЧЕВСКИ | Хаусмајстор |

Вкупниот број на вработени во моментот е 19 (деветнаесет ), а до крајот на годината ќе се вработи 1 хигиеничарка на испразнето работно место по основ на пензија.





ГОДИШНО ПЛАНИРАЊЕ И ПОГОТОВКА ЗА РАБОТАТА ВО СТУДЕНТСКИОТ ДОМ

,,КОЧО РАЦИН,,БИТОЛА ЗА УЧЕБНАТА 2021-2022 ГОДИНА

**ПЛАН ЗА ЕВАЛУАЦИЈА -СЛЕДЕЊЕ И ВРЕДНУВАЊЕ НА ДЕЈНОСТА ВО СТУДЕНТСКИОТ ДОМ**

| **ПОДРАЧЈА** | **МЕТОДИ И ИНСТРУМЕНТИ НА СЛЕДЕЊЕ** | **НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТИ** | **ВЕРИФИЦИРАЊЕ И РАЗГЛЕДУВАЊЕ** |
|---|---|---|---|
| **Планирање,** и подготовка на дејноста на сите нивоа од страна на секој субјект во Студентскиот дом | **Директни увиди** во Годишната програма за работа на студентите дом, увид во досиеја на студентите | **Директор;** **стручна служба;** **Совет на станари** | **Управен одбор;** **Советници од БРО на РСМ, МОН** |

**<u>Грижа за здравјето на вработените</u>**

За грижата за здравјето на вработените имаме изработено план и програма за систематски прегледи, и имаме склучено договор со Медицина на Трудот и доследно, согласно Законот за заштита на здравјето на вработените се спроведува и реализира.

| | | |
|---|---|---|
| СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА | Прибирање на информации преку директни разговори | Директор; |

**НОРМАТИВИ**

За организација на животот и воспитно-образовната работа на Студентскиот дом

**НОРМАТИВИ НА ДЕНОТ**

Животот и работата на студентите во Студентскиот дом ги содржи следните елементи:

- време и норми поврзани со основните биолошки потреби на студентите: спиење, јадење, одржување на хигиена, учење, слободно време и др;
- норми на однесување на студентите во просториите за спиење, во просториите за учење, во просториите за исхрана, во дворното место на Домот;

Организацијата на животот и работата во Домот е составен дел на годишната програма за работа на Домот. Него го изготвуваат и донесуваат студентите и вработените во Домот по постапка утврдена со нормативните акти во Домот.

## РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ

**ВОВЕД**

Директорот, како раководен орган на Домот, е одговорен за законитоста во работата, ја организира и планира работат на Студентскиот дом, го планира материјално-финансиското работење на Домот.

Тој ја организира и раководи со работата на Домот, самостојно донесува одлуки од делокругот на неговата работа утврдена со закон и актите на Домот и го застапува Домот пред трети лица.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА НА СТУДЕНТСКИОТ ДОМ

Успешноста на Студентскиот дом е тесно поврзана со работењето и однесувањето на Директорот т.е. ако Директорот ;

- ја познава мисијата на Студентскиот дом;
- го планира развојот и напредокот на Студентскиот дом;
- ги поттикнува и мотивира вработените;
- ги поттикнува и мотивира студентите да се активни учесници;
- ја координира работата со доделување улоги;
- активно и визионерски вклучен е во планирањето и спроведувањето на промените;
- е подготвен да ги делегира, овластува и ги вреднува придонесите на колегите;
- е обучен и вешт комуникатор кој ги информира вработените за важни одлуки и настани;

- е верен и предан целосно на Студентскиот дом и неговата репутација;
- има високи очекувања од целиот персонал.

Претходно изнесеното укажува на круцијалното значење на директорот да знае да ја планира својата работа.

Директор на Државниот Студентски дом ,,Кочо Рацин,, Битола пред се ја има во предвид суштината на дејноста што организацијата ја обавува, состојбите внатре во установата и нејзиното опкружување и во донесување и спроведување на активности што се однесуваат на нејзината сегашност и иднина, во врска со организацисаката мисија, организациската филозофија и политика и визијата кон која се стреми, како и стратегијата со која ќе се постигне остварувањето на визијата.

Постоењето на нашата институција, односно нејзината основна дејност и наша мисија е:

- Директни и посредни корисници (клиенти) на нејзините услуги се студентите.

- Подобрување на условите за престој на студентите,
- Квалитетна и разноврсна исхрана,
- Организирање на културни и хуманитарни настани,
- Организирање на спортски натпревари,
- Вклучување во културни спортски настани во локалната самоуправа (обезбедување на бесплатни карти за театарски претстави, фудбалски и ракометни натпревари и други настани во Општина Битола)
- Соработка со студенти од други Студентски домови
- И се она што на студентите им е потребно а е во границите на нашите можности.

**УСПЕШЕН МЕНАЏЕР ВО РАБОТЕЊЕТО Е ОНОЈ КОЈ ИМА:**

**,,ЗА СЕКОЈ ПРОБЛЕМ ИМА РЕШЕНИЕ"**

- ИМА ВИЗИЈА ЗА РАЗВОЈ И ЦЕЛИ КОН ОСТВАРУВАЊЕ
- ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ПРЕСТОЈ НА СТУДЕНТИТЕ
- ДЕМОКРАТИЧНОСТ СО ПАРТНЕРИТЕ
- ПРАВИЧЕН ОДНОС КОН СИТЕ ВРАБОТЕНИ

- ФЛЕКСИБИЛЕН ОДНОС И ГРИЖА ЗА СТУДЕНТИТЕ
- ТИМСКОТО РАБОТЕЊЕ
- УЧЕЊЕ ОД КОНКУРЕНЦИЈА
- ИНТЕГРАТИВНОСТ НА СТУДЕНТСКИ ДОМ СО СРЕДИНАТА
- ОТВОРЕНОСТ НА СТУДЕНТСКИОТ ДОМ ЗА СИТЕ
- ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА
- ПРОЦЕС НА РАБОТА
- ВРШИ САМОЕВАЛВАЦИЈА
- РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТА
- Е ЗАИНТЕРЕСИРАН

## СОДРЖИНСКИ ПОДРАЧЈА НА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ

Работата на Директорот на Домот глобално е:

- Административно-организаторска;
- Во рамките  на административно-организаторските работи Директорот оваа учебна година го реализира следното:
- технички подготовки на почетокот на учебната година;
- осврт на законските прописи;
- организирање сместување на студентите;
- организирање  исхрана на студентите;
- грижа за спроведување на куќниот ред во Студентскиот дом  и кодексот  на  однесување;
- управување со финансикото работење и завршната сметка;
- организирање и утврдување димнамика за инфраструктурни работи;
- управување и донесување мерка за воведување на иновации во целокупната работа на Студентскиот дом и др.
- Подобрување на условите за живот на студентите во Студентскиот дом
- Заедничко планирање на културно забавниот и спортскиот живот на студентите со Совет на станари и реализација на планот за 2019/2020

**Советот на станари учествува во сите реализации во подобрување на условите на студентите со нивни предлози и проекти и затоа неговата работа е особено значајна за напредокот на нашиот дом.**



## ПРИОРИТЕТНИ РАБОТНИ ЗАДАЧИ ПО ПРОГРАМСКИ ПОДРАЧЈА

**Програмско концептуално подрачје**

Во ова подрачје Директорот ке ги реализира следните задачи:

- Концептирање методологија и изготвување Годишна програма на Студентскиот дом која ќе ја предложи до Управниот одбор

**Работа со други органи и тела**

- Директорот непосредно ја следи, зема учество во работата на Управниот одбор и ги спроведува одлуките донесни на истиот.
- Ја следи работата на комисиите и работните тела, донесува одлуки, решенија од неговиот домен.

РЕЗИМЕ

Студентскиот дом ,,Кочо Рацин,, Битола е образовна установа која е наменета за студенти кои се школуваат надвор од местото на живеење.

**Успех на секоја организација е** формирање на тимови за работа-поттикнување на чувство за заедништво преку сите форми на тимска работа.

**Градење и развивање на имиџот на Студентскиот дом.** Еден од клучните приоритети во работата е поголема афирмација на Студентскиот дом во опшеството, вклученост во истото, информираност на сите структури во и надвор од Домот.

Постојано ажурирање на веб страницата на домот **www.dsdkochoracin@com.mk**

**Грижа на техничкиот персонал во Студентскиот дом,** работа во кујна, сместувачки дел, здравје и хигиена на сите чинители во Студентскиот дом, преку одржување на редовни состаноци, консултации, подобрување на условите за работа.

**Постојано одржување на инвентарот на Студентскиот дом,** просториите во Домот, дворот на Студентскиот дом, модернизација на опремата за работа, подобрување на интернетот, подобрување на хигиена во Домот.

За наредниот период ќе се фокусираме кон остварување на следните проекти:

- **Добро справување со Ковид кризата и грижа за студентите и вработените од истата**

- **Обезбедување на техничко-технолошка вода за дворните површини преку систем за наводнување**
- **Обезбедување на потребната документација за проектот од Владата за целосно реновирање на Домот со енергетска ефикасност.**
- **Гостување на театарска претстава или стенд-ап комедија**
- **Промена на водоводната инсталација во Ц блок**

За реализација на погоре наведените проекти ќе бараме средства од Министерство за образование и наука , преку аплицирање на проекти, а дел ќе обезбедиме ние од сопствена заштеда.

Исто така ке продолжиме со доуредување на Студентскиот двор.

Ќе продолжиме со соработката со сите останати Домови во Македонија и пошироко во регионот.

Сите горенаведени активности, се амбициозни, но реално ние ако ги оствариме, ќе доведат до зголемување на етосот (клима), обликување и создавање на услови кај сите вработени за нивни компетенции, самопочитување, а кои се услови за развиено социјално партнерство во самиот Студентски дом.

Сакаме Студентскиот дом ,,Кочо Рацин,, Битола да биде препознатлив во општината, градот Битола и на ниво на Републиката. Со својата дејност, како пропратна членка, да дадеме свој удел во подобрувањето на работата на Универзитетот ,,Св. Климент Охридски,, - Битола заедно со останатите носечки чинители во него.

УПРАВЕН ОДБОР

П р е т с е д а т е л,

Јадранка Павловска